Здружението на установи за социјална заштита на стари лица **СЕ ГРИЖАМ** предлага неколку предлог измени на Предлог - Законот за социјална заштита.

Во предлозите прво е дадено членот на кој се предлага, потоа е дадена предлог верзијата на ставот или алијената и нашиот предлог имена со кратко образложение.

**Член 157**

Постапката за распишување и спроведување на јавниот повик, односно конкурс ја врши Комисија за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели (во понатамошниот текст: Комисија за обезбедување средства).

Комисијата од став 1 на овој член ја формира министерот во состав од пет члена претставници од Министерството со претходно петгодишно работно искуство во дејноста социјална заштита.

Во состав на Комисијата треба да има најмалку по еден член социјален работник, правник, економист и архитект и/или градежен инженер.

Мандатот на членовите на комисијата е четири години со можност за повторен избор. Комисијата избира претседател од своите членови.

Комисијата носи деловник за работа.

Претставници на општините, здруженијата, јавни и приватни даватели на социјални услуги може да присуствуваат на состаноците на Комисијата.

**Член 157. Став 6**. Во предлог законот стои:

Претставници на општините, здруженијата, јавни и приватни даватели на социјални услуги може да присуствуваат на состаноците на Комисијата

**Член 157. Став 6**. Предлог измена:

Претставници на општините, здруженијата, јавни и приватни даватели на социјални услуги, може да присуствуваат на состаноците на Комисијата, со предходно известување на сите даватели на социјални услуги за местото, времето и дневниот ред на состанокот.

Образложение:

Поради тоа што во самиот предлог на законот во став 6 стои дека комисијата работи од јавен и отворен карактер затоа предлагаме да бидат известувани сите засегнати страни односно давателите на социјални услуги од јавните и приватните установи како и преставници на општините.

**Чл. 165**

Јавниот или приватниот давател на социјални услуги може да дава социјални услуги и да склучува управни договори само доколку поседува дозвола за работа (лиценца).

Дозволата за работа (лиценца) за давање социјална услуга се обновува секои пет години.

Кога времето за давање на услугата е помало од пет години, дозволата за работа (лиценцата) се издава за тој период.

Дозволата за работа (лиценца) може да биде одземена или вршењето на работите од социјална заштита може да биде ограничено, ако давателот на услугата делумно или целосно не ги исполнува условите за вршење работи од социјална заштита, утврдени со овој закон.

Министерот со решение одлучува по барањето за добивање дозвола, ограничување и одземање на дозволата за работа, врз основа на претходно мислење на Комисијата за лиценцирање на даватели на социјални услуги.

Против решението од став 3 на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Член 165 став 2** според предлог законот стои:

Дозволата за работа (лиценца) за давање социјална услуга се обновува секои пет години.

**Член 165 став 2** предлог измена:

Дозволата за работа (лиценца) за давање социјална услуга се обновува секои десет години.

Образложение,

Еднаш дадена дозвола за работа (лиценца) според исполнети услови на Правилникот за нормативите, стандардите и кадарот во установата не може да дојде до промена односно до намалување на пропишаните услови за вршење на дејноста. Можна е промена во континуираниот професионален развој на кадарот. Временската рамка од 5 години за релиценцирање е кратка затоа предлагаме да биде на 10 години.

**Член 166**

Министерот формира Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги во состав од девет члена, од кои пет од Министерството, два од Завод за социјални дејности со претходно десетгодишно работно искуство во дејноста социјална заштита и два надворешни членови од редот на високо-образовни установи и научни институти.

Во состав на Комисијата треба да има социјален работник, правник и дефектолог.

Мандатот на членовите на комисијата е четири години со можност за повторен избор.

Комисијата избира претседател од редот на претставниците на Министерството.

Комисијата носи деловник за работа.

Членовите на Комисијата за работата во комисијата имаат право на годишен паричен надоместок во износ од најмногу две просечни месечни нето плати за претходната година, кој го определува министерот со решение.

Претставници на јавни и приватни даватели на социјални услуги, а по потреба и други стручни лица, може да присуствуваат на состаноците на Комисијата.

**Член 166 став 7.** во предлог законот гласи:

Претставници на јавни и приватни даватели на социјални услуги, а по потреба и други стручни лица, може да присуствуваат на состаноците на Комисијата.

**Член 166. став 7.** предлог измена да гласи:

Претставници на јавни и приватни даватели на социјални услуги, а по потреба и други стручни лица, може да присуствуваат на состаноците на Комисијата, со предходно известување на сите даватели на социјални услуги за местото, времето и дневниот ред на состанокот.

Образложение:

Поради тоа што во самиот предлог на законот во став 7 стои дека комисијата работи од јавен и отворен карактер затоа предлагаме да бидат известувани сите засегнати страни односно давателите на социјални услуги од јавните и приватните установи како и другите стручни лица за потреби на комисијата.

( Во колку не е можна измена на чле.166 став 7. Тогаш предлагаме предлогот да влезе во изготвувањето на Деловникот за работа на Комисијата, член 166 став 5)

**Член 180**

Приватната установа е должна најмалку шест месеца пред престанокот со работа да го извести Министерството, центарот и корисниците, односно нивните законски застапници.

**Член 180. став 1. Алинеја 1.** Во предлог законот стои:

Приватната установа е должна најмалку шест месеци пред престанок со работа да го извести.....

**Член 180. Став 1. Алинеја 1** Предлог измена:

Приватната установа е должна пред престанок со работа да го извести....

Образложение:

Никој не може да предвиди однапред за точниот временскиот период за престанок со работа на установата. Можен е престанок со работа како што се предвидени мерките во член 179 од предлог законот.

**Член 181**

Владата, може да го одземе одобрението за основање, ако основачот основа установа за социјална заштита за вонсемејна социјална заштита спротивно на одлуката за одобрение од членот 172 од овој закон и ако се утврди дека приватната установа и јавната установа, основана од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, повеќе не ги исполнува условите од членот 171 став 6 од овој закон или не ги спроведува одредбите на овој закон и другите акти донесени врз основа на овој закон, врз основа на решение за одземање на дозволата за вршење на работи од социјална заштита.

Министерството, може да го одземе одобрението за основање, ако основачот основа установа за социјална заштита - центар за социјални услуги во заедница спротивно на актот за одобрение од членот 173 од овој закон и ако се утврди дека повеќе не ги исполнува условите од членот 171 став 6 од овој закон или не ги спроведува одредбите на овој закон и другите акти донесени врз основа на овој закон, врз основа на решение за одземање на дозволата за вршење на работи од социјална заштита.

Со денот на донесување на решението за одземање на дозволата за вршење на работи од социјална заштита, приватната установа и јавната установа, основана од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, престанува со работа.

Врз основа на актот за одземање на одобрението, установата од ставот 1 и 2 на овој член се брише од Централниот регистар на Република Македонија.

Последиците кои ќе произлезат од одземањето на одобрението, ќе паднат на товар на основачот.

**Член 181 став 3** во предлог законот стои:

Со денот на донесување на решението за одземање на дозволата за вршење на работи од социјална заштита, приватната установа и јавната установа, основана од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, престанува со работа.

**Член 181 став 3** предлог на измена:

Предлог измената е од техничка природа на текстот на овој став и тоа во алинеја 2,

на работи од социјална заштита, приватната установа, јавната установа основана од општината, градот......

Образложение:

Во текстот се добива сознание дека општината и градот Скопје формираа приватни установи...затоа запирката ја поместуваме за да се разграничат приватните установи од јавните установи основани од општините и градот Скопје....

**Член 182**

Установата за социјалната заштита донесува статут со кој се уредува нејзината организација, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување и други работи од значење за работата на установата за социјална заштита.

Во установата за социјална заштита за вршење на одделни дејности или дел на дејности или за вршење на дејности на определено подрачје можат да се основаат организациони единици со права и обврски утврдени во статутот на установата за социјална зштита и во рамките на дејноста.

Со статутот на установата за социјална заштита на организационите единици од ставот 2 на овој член можат да им се утврдат одделни овластувања во правниот промет во рамките на дејноста, без својство на правно лице, кои ги вршат во име и за сметка на установата за социјална заштита.

На статутот на јавна установа основана од Владата согласност дава министерот.

На статутот на јавна установа основана од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и на приватни установи согласност дава основачот, по претходно добиено мислење од Министерството.

На статутот на приватна установа, согласност дава градоначалникот на општината на чие подрачје се наоѓа установата, по претходно добиено мислење од Министерството.

**Член 182 став 6**. Во предлог законот стои:

На статутот на приватна установа, согласност дава градоначалникот на општината на чие подрачје се наоѓа установата, по претходно добиено мислење од Министерството.

**Член 182 став 6**. Предлог измена.

Предлагаме овој став да се избрише затоа што нема потреба градоначалникот да дава согласност на Статут кој предходно ја има поминато експертизата на Министерството. Имавме случај кога поради лично нетрпение се чекаше два и пол месеци за давање на согласност и тоа после големи ургенции.

Или евентуално може да се промени овој став и да гласи:

Приватната установа ја известува општината за отпочнување со работа.

**Член 194**

Стручните работи во установата за социјална заштита, во зависност од видот на работата, ги вршат стручниве работници со високо образование: дипломиран социјален работник, правник, психолог, педагог, дефектолог, социолог, економист, социолог, андрагог, логопед, лекар, специјален педагог за превенција ресоцијализација, здравствен работник, воспитувач; вишо образование: воспитувач, социјален работник, главна медицинска сестра, физиотерапевт, работен терапевт, статистичар, правник, економист, здравствен работник и други работници зависно од потребата на дејноста; средно образование: воспитувач, медицинска сестра, физиотерпевт, инструктор, систем оператор за внес, статистичар, домаќин, лаборант, неговател, болничар здравствен работник, геронто-домаќин, социјален згрижувач за деца и други работници за извршување на други работи во зависност од дејноста, видот и обемот на услугите, доколку со овој закон поинаку не е утврдено.

Стручните работници со високо образование можат да вршат стручна работа во установа за социјална заштита, доколку имаат лиценца за работа, согласно со овој закон.

**Чл. 194. став 1. алинеја 9.** според предлог законот стои:

згрижувач за деца и други работници за извршување на други работи во зависност од дејноста , видот и...

**Чл.194. став 1. алинеја 9.** Предлог измена:

згрижувач за деца, основно образование: работници со помината формална или неформална доедукација која соодветствува за спецификите на работата и услугите и други работници за извршување на други работи во зависност од дејноста, видот и .......

**Чл.194 предлог на нов став 2 а постоечкиот став 2 да биде став 3**

Предлог на нов став 2

Стручните работници да имаат континуиран професионален развој, социјалните работници континурана социјална едукација, медицинскиот кадар, континурана медицинска едукација и другите работници формална и неформална едукација.

Образложение:

Овие измени ги предлагаме затоа што има доста вработени лица со основно образование на кој ке им се даде шанса со доедукација да продолжат да работа според работните места што ги извршуваат.

Исто така има потреба на постојана едукација на кадарот и вработените според работните задачи за поквалитетно пружење на социјано згрижување и медицинска нега на старите лица, за воведување на нови протоколи и вештини во работата на вработените во установите.

Во делот на пркшочните одредби када што се предвидени казнени прекшочни постапки со казни од 1000 до 2000 евра, предлагаме истите да се намалат во износ од 500 до 1500 евра.

Со почит:

14.11.2018 год.

Здружение на установи
за социјална заштита на стари лица
СЕ ГРИЖАМ

Љупчо Захариев